Врз основа на член 50 (став 1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), член 62 (став 1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 5/21) и член 9 од Правилникот за доделување стипендии на студенти, жители на општина Гевгелија, бр. 09-532/2 од 23.03.2022 година, Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 19.04.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување стипендии на студенти, жители на општина Гевгелија**
**за студиска 2021/2022 година**

1. На:
   - **Марија Бојкова** од Гевгелија, студент во прва година на Факултет за медицински науки, насока Општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
   - **Ева Петкова** од Гевгелија, студент во прва година на Факултет за медицински науки, насока Општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
   - **Нина Ангелкова** од Гевгелија, студент во прва година на Медицински факултет, насока Општа медицина, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј- Скопје;
   - **Софија Маркова** од Негорци, студент во прва година на Медицински факултет, насока Општа медицина при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Скопје;
   - **Кристина Коцева** од Гевгелија, студент во прва година на Медицински факултет, насока Општа медицина при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Скопје

им се доделува стипендија за студирање почнувајќи од студиска 2021/2022 година, па се до завршување на студиите, доколку се редовни студенти, во износ од 6.000 денари месечно, за 10 месеци, односно за месеците од септември до јуни за секоја студиска година.

2. Стипендиите ќе се исплатат од Буџетот на општина Гевгелија, врз основа на Договори кои ќе бидат склучени помеѓу Општина Гевгелија и секој од корисниците на стипендии.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во „Службен гласник на општина Гевгелија“.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899 (Одделение за образование)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

***Образложение***

Врз основа на Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици од општина Гевгелија, запишани на Медицинските факултети на РСМ за академска 2021/2022 година, бр. 09-260/1 од 28.01.2022 година, донесена од Советот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 1/22), Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија донесе Правилник за доделување стипендии на студенти, жители на општина Гевгелија бр.14-532/2 од 23.03.2022 година.

Согласно овој Правилник, Градоначалникот на општина Гевгелија распиша Конкурс за доделување на 5 (пет) стипендии на студенти, жители на општина Гевгелија за студиска 2021/2022 година, бр. 14-532/3 од 24.03.2022 година, објавен на веб-страната на Општина Гевгелија и медиумите во општина Гевгелија - ТВ Нова, како и на огласната табла на Општина Гевгелија.

Комисијата ги разгледа пристигнатите пријави, утврди дека сите 5 (пет) пријави имаат целосна документација, изврши бодување на пријавените кандидати, изготви конечна ранг- листа и предлог за избор на сите 5 (пет) пријавени кандидати, кои ќе добијат стипендии за студиска 2021/2022 година и заедно со Записникот од целокупната постапка бр.14-532/4 од 18.04.2022 година, го достави до Градоначалникот за одлучување, при што Градоначалникот донесе Одлука како во диспозитивот.

Бр.14-532/6
19.04.2022
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов***

с.р.

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899 (Одделение за образование)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk